Бр. 08-188
22.02.2023 г

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО АКЦИЈА ЗА ПОДДРШКА - ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА РОМИ**

Општина Битола објавува јавен повик учество во акција за доформување на средно образование за возрасни лица Роми од Општина Битола. Оваа активност се имплентира како дел од акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„

**Краток опис на акцијата**

Оваа акција има за цел директно да го промовира и унапреди образовното ниво на дел од ромската заедница во Општина Битола со цел да им овозможи на Ромите да бидат конкурективни и да им го олесни пристапот на пазарот на труд.

Целта на повикот е да се обезбеди формална диплома за завршено средно образование за возрасни Роми кои го немаат комплетирано своето средно образование.

Со оваа активност ќе бидат опфатени три до пет возрасни Роми кои имаат завршено тригодишно средно образование или на кои им недостасува уште една година за да се стекнат со диплома за завршено средно образование.

Доформувањето на образованието треба да биде спроведено во временски период од април до декември 2023 година.

Избраните кандидати ќе се стекнат со диплома за завршено средно образование.

## ГЕНЕРАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ

1. Лица со лична карта и адреса на живеење на територија на Општина Битола
2. Лица кои немаат завршено 4-годишно средно образование, односно 4та година од средно образование
3. Лицата да бидат на возраст од 18 до 45 години
4. Лицата да бидат припадници на ромската заедница

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe

*Се охрабруваат жените и девојчињата Ромки  да аплицираат.*

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

Заинтересираните кандидати да ги достават следните документи:

1. Пополнета Пријава (пријавата е прикачена заедно со јавниот повик)
2. Копија од лична карта
3. Копија од завршени свидетелства за 1ва, 2ра и 3та година средно образование
4. Лична изјава за припадност на ромска заедница (во прилог да се пополни)

**Комплетната документација може се достави на три начини:**

- во архивата на општината во затворен коверт со долунаведена назнака
- препорачано по пошта на следната адреса: Булевар 1ви Мај бр.61, 7000 Битола, во затворен коверт со долунаведена назнака
- или електронски на следната е-маил адреса: popovskan@bitola.gov.mk со долунаведена назнака

**Крајниот рок за доставување на документацијата е пет дена од денот на објавување на огласот на веб страната на општината, односно најдоцна до 01.03.2023 година, со назнака: „ ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО АКЦИЈА ЗА ПОДДРШКА - ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА РОМИ "-РОМАКТЕД ПРОГРАМА**

**Ненавремената и некомплетната документација нема да се разгледува и истата нема да влезе во конкуренција со останатите пријави.**

За сите дополнителни прашања и информации можете да не контактирате на следниот број: 047/208-338 секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот. Лице за контакт Наташа Ташкова Поповска.

*Трошоците за комплетирање на средното образование ќе бидат покриени од страна на Општината во рамки на акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„*

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe

ROMACTED
Promoting good governance and Roma empowerment at local level